**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4323/**

# З А П И С Н И К

**Од 254.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 16.07.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и буџет во МРТ, Емилија Николова-Раководител на Сектор за финансиско работење во МРТ и Розалина Н Димовска-Раководител на Оддление за правни работи во МРТ, Југослав Ѓеоргиевски-Надворешен соработник на МРТ и Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикална организација при МРТ.

Седницата започна во 14.40 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 253.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Барање со бр.03-4237/1 од 08.07.2024 година за констатирање престанок на функција-член на Надзорен одбор на МРТ.

3. Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.

4. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства.

5. Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 253.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 253.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 253.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 253.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Барање со бр.03-4237/1 од 08.07.2024 година за констатирање престанок на функција-член на Надзорен одбор на МРТ.**

По однос на оваа точка од дневниот ред беше ставено на разгледување Барањето на Марина Димовска со бр.03-4237/1 од 08.07.2024 година за констатирање престанок на функција-член на Надзорен одбор на МРТ.

До Програмскиот совет на МРТ беше доставено и Известување од Надзорниот одбор на МРТ со кое Надзорниот одбор на МРТ го известува Програмскиот совет на МРТ дека членот на Надзорниот одбор-**Марина Димовска** со Одлука на Собранието на РС Македонија е именувана на функцијата-Генерален секретар на Собранието на РСМ, и му укажува на Програмскиот совет на МРТ за потребата за констатирање на престанок на мандатот на истата.

По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи да се прифати Барањето на членот на Надзорниот одбор на МРТ-Марина Димовска поднесено до Програмскиот совет на МРТ на ден 08.07.2024 година, под бр.03-4237/1.

По спроведеното гласање Програмскиот совет на МРТ едногласно **го прифати** Барањето со бр.03-4237/1 од 08.07.2024 година, со што се констатира престанок на мандатот на членот на Надзорниот одбор на МРТ-**Марина Димовска** поради именување на јавна функција-Генерален секретар на Собрание на РСМ.

**ТОЧКА3:Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.**

Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година.

Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година со пренамена на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.

■**Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните обасни дека со почетокот на работната 2024 година а во рамки на тековното работење на ЈРП МРТ се јави потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2024 година со дополнување на средства.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства и даде согласност на истиот.
По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства.

■**Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, со дополнување на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**
По однос на оваа точка од дневниот ред, Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните го достави на разгледување Заклучокот на Надзорниот одбор на МРТ по однос на Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ и во продолжение им даде збор на претставниците на стручните служби од МРТ, како и на Претседателката на Синдикалната организација при МРТ.
По одржаната расправа се увиде и беше констатирано дека еден член од Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ не е целосно утврден и прифатлив за двете договорни страни и токму поради тоа од страна на Програмскиот совет на МРТ беше предложено и едголасно усвоено, документот да се разгледува на наредна седница на советот кога документот ќе биде целсоно усогласен од двете страни на преговорите.

**ТОЧКА 6:Разно.**
По однос на оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 16.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател